# DIDACTIC INSTRUCTIONS FOR PROGRAMMING THE CONTENT FOR MOTHER LANGUAGE AS A SUBJECT IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

**Osman Emin, Ph.D**
International Vision University –Gostivar, Republic of Macedonia osman_emin@hotmail.com

**Abstract:** The contemporary world trends in education as a response to major socio-economic changes and the fast technical and technological development have imposed the need for appropriate structural, programmatic and methodical developmental changes. The aim in introducing such developmental changes is to establish a process of continuous improvement in the work and securing higher quality in education at the same time. The theme of the dissertation is to give Didactic instructions for planning and programming the content for Turkish, Macedonian and Albanian language and literature as a subject in primary and high-schools in the Republic of Macedonia. The strategically development and the progress of one country highly depends on evolution and promotion on the whole system in the educational process. According to that, this research encloses all the elements in the educational process. In this research, the didactic instruction for planning and programming, the contents for the subjects of Macedonian, Albanian and Turkish language will be seen, where is known that the contents of the curriculum and the syllabus is one of the oldest strategies. By comparing the educational syllabuses and the curriculums, we will be given an opportunity to see all advantages and deficiencies that exists in the teaching syllabuses and curriculums of Turkish, Macedonian and Albanian language and literature in The Republic of Macedonia, and according to this research a future model for planning new curriculums and syllabuses is prepared for the primary schools and high-schools. Also, in this research we are going to use all the contemporary techniques and methods in order to achieve more adequate results that are going to be of a great importance for the teachers and students.
**Keywords:** didactic instructions, mother tongue, teaching syllabus and curriculum, teaching contents.

# ДИДАКТИЧКИ ИНСТРУКЦИИ ЗА ПРОГРАМИРАЊЕ НА СОДРЖИНИТЕ ПО МАЈЧИН ЈАЗИК ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Доц. д-р Осман Емин**
Меѓународен Универзитет Визион – Гостивар, Република Македонија osman_emin@hotmail.com

**Резиме:** Современите светски трендови во образованието, како одговор на крупните општествено-економски промени и брзиот техничко-технолошки развој, ја наметнаа потребата од соодветни структурни, програмски и методички развојни промени. Целта на воведувањето на ваквите развојни промени е да се воспостави процес на континуирано подобрување на работата, што од своја страна ќе доведе до градење иновативни образовни системи, а истовремено и до обезбедување повисок квалитет на образованието. Целта на овој труд е да се дадат Дидактички инструкции за планирање и програмирање на содржините по наставен предмет по турски, по македонски и по албански јазик и книжевност (литература) во основните и во средните училишта во Р. Македонија. Стратешкиот развој и напредокот на една држава, несомнено, зависи од развојот и унапредувањето на целокупниот систем на образованието. Според ова, истражувањето ги опфаќа сите елементи од воспитно-образовната дејност. Во истражувањето се изнесуваат дидактичките инструкции за планирање и програмирање на содржините по наставните предмети по македонски јазик, по албански јазик и по турски јазик и литература, каде што се знае дека содржините во наставните програми може да се сметаат за најстара стратегија. Со компарација на наставните планови и програми ни се даде можност да ги разгледаме сите предности и недостатоци кои постојат во наставните планови и програми по турски, а воедно и по македонски и по албански јазик и литература во Р.Македонија и според истражувањето се изготви иден модел за подготвување на нови наставни планови и програми за основно и за средно образование. Исто така во истражувањето ги искористивме сите современи техники и методи за да се постигнат поадекватни резултати кои ќе бидат од интерес како за самите наставници така и за учениците.
**Клучни зборови:** дидактички инструкции, мајчин јазик, наставни планови и програми, наставни содржини.

**1. ВОВЕД**

Напредокот на општеството во голем степен е условен од квалитетот и ефикасноста на учењето и подучувањето на младото поколение. Тој зголемен интерес е последица, исто така, на забрзаната акумулација на научните сознанија и прогресот на техничките науки, но и на самото темпо на општествениот развој. Еден од основните стратешки приоритети на секоја земја е образованието на младите генерации и високиот квалитет на воспитно-образовниот систем на земјата. За изнаоѓање определени излезни решенија во однос на една така глобално поставена задача, ги карактеризираат разновидни обиди и настојување за дефинирање на воспитно-образовните цели, преоценување на поставеноста на системот на образованието, преиспитување на наставните планови и програми, изнаоѓање и применување постапки на ефикасна настава и успешно учење. Процесот на усвојување и учење мајчин јазик е долготраен. Овој процес зависи од физиолошките основи, развојните карактеристики, средината во која се движи ученикот и воспитните влијанија на родителите и други фактори кои влијаат врз развојот и формирањето на личноста, како и негувањето и воспитувањето на говорот. Врз основа на наведеното, детето уште од раѓањето изразува силна мотивација и учење на мајчиниот јазик. Стратешкиот развој и напредокот на една држава, несомнено, зависи од развојот и унапредувањето на целокупниот систем на образованието. Истовремено еден од основните приоритети на секоја земја е образованието на младите генерации и високиот квалитет на воспитно-образовниот систем на земјата. За да се проектира можното унапредување на образованието, неопходно е најнапред да се согледаат позитивните и негативните карактеристики на постојниот систем на образованието во нашата држава, преку негова сеопфатна анализа. Потоа би следувала глобална проекција на системот донесена на државно ниво, во која би се респектирале потребите на државата, досегашните позитивни традиции на постојниот систем и овозможување негова компатабилност со образовните системи на развиените земји.

Промените во образованието во овој период се остваруваат во услови на драматични и значајни трансформации во политичкиот, економскиот и социјалниот развој на Република Македонија. Но, и покрај сите тешкотии и тензии се зачува мирот и безбедноста на државата, со што се овозможи политички, економски и социјален развој и исполнување на стандардите за приближување и интегрирање во Европската Унија. Кога се зборува за подобрување на квалитетот и ефикасноста на образованието, подеднакво се мисли на програмирањето и планирањето, реализацијата и евалуацијата на образовниот процес. Овие елементи имаат централно место во образовната политика. Главна придобивка од тоа се напорите за иновирање на наставните планови и програми; осовременување на постапките. Како што ни посочува *Нурај Сенемоглу (Nuray Senemoğlu)*: „Образованието во поширока смисла е прифатено како процес кој ја храни личноста на човекот“ и како една „голема инвестиција во човековиот живот“. Во општа смисла, пак, тоа е „процес на создавање посакувано однесување или процес на менување на однесувањето“.[95] Образованието е предуслов потребен за општествените, економските и политичките движења. Стекнување и репродуцирање нови знаења, дополнување на знаењата, примена на стекнатите знаења на друго поле и нивна употреба во секојдневниот живот, како и развивање на мислата, може да се оствари со помош на образованието. Според *Вајнстајн и Мајер (Weinstein и Mayer),* добрата настава се состои од тоа да ги научи учениците како да научат, како да запаметат, како да мислат и како да раководат со себе.[96] Образование не значи само да се научат повеќе работи. Всушност, под тоа се разбира дека, заедно со сознавањето на која било вистина треба да се разбере и причината за неа. Од сите овие дефиниции станува јасно дека образованието води грижа да изврши промена во однесувањето на личноста, т.е. поединецот. Наставната програма може да се дефинира како целина на редовните наставни состојби насочени кон определени ученици во определен временски интервал. Исто така, наставната програма од аспект на еден просветен работник претставува систем на организација, а од аспект на учениците претставува систем на искуствата. Во остварувањето на придобивките на наставната програма во основното и во средното образование, многу се важни, методите, техниките, помошните помагала и придобивките карактеристични за предметот *Мајчин јазик*. Со растот на нивото на образование во општеството, ќе се забрза и развојот на нашата земја. Се забележува дека со зголемувањето на квалитетот во образованието се зголемуваат и можностите за користење на знаењата и способностите. Наставата на *мајчин јазик* треба да негува деца со уметнички дух и да ги подготви за живот како личности кои слушаат, учат, разбираат, го проверуваат тоа што го разбираат, личности кои се способни

[95] Nuray Senemoğlu; *Gelişim Öğrenme ve Öğretim Kuramdan Uygulamaya*, Gazi Kitabevi, Ankara, 2005, стр. 17.
[96] Weinstein,C.& E.Mayer; *The Teaching of Learning Strategies, Handbook of research on teaching*, Derl.: M.C: 1986, стр. 8.

да толкуваат и кои решавајќи ги проблемите можат писмено и усно да ги изнесат своите чувства и мисли, притоа украсувајќи ги со визуелни податоци. Очекувањата на заедницата се состојат од тоа со оваа наставна програма да се создадат личности кои активно ќе го употребуваат македонскиот, албанскиот и турскиот јазик, кои ќе можат да се изразат и да воспостават добра соработка и комуникација, кои ќе бидат иницијативни и кои ќе ги решаваат своите проблеми, кои ќе размислуваат, истражуваат, испитуваат и ќе толкуваат и размислуваат научно, да бидат личности кои ќе бидат свесни за своите одговорности, кои се компатибилни со околината, индивидуи кои чувствуваат задоволство од читање и индивидуи кои со искуство ги користат технологиите и ја насочуваат иднината. Програмите од аспект на наставно-образовните активности во основните и во средните училишта се крајно важни и специфични. Бидејќи најважното место за развој, како и најбрзиот период за развивање, за менување и за учење во животот на една личност или на едно дете се годините минати во основното, особено во средното образование. Детето на денешнината живее во време на брз развој на знаењата и на брз проток на информации. Образовно-наставните програми може да се развиваат на тој начин што ќе бидат насочени кон такви цели како што се воспоставување квалитетни наставни системи на национално или на меѓународно ниво, подготвување квалитетни човечки ресурси, кои ќе бидат во можност да обезбедат развој и просперитет на земјата или поддржување на заштитата и развојот на општествените и на културните вредности.[97]

Заменувајќи ги традиционалните содржини, да се направи заменување на нови сознанија од областа на *мајчиниот јазик,* т.е. на македонски, на албански и на турски јазик и литература во основното и во средното училиште. Дали наведените содржини на наставниот предмет по *мајчин јазик* се прецизно и јасно определени и разграничени, дали и во која мера тие соодветствуваат на актуелните новонастанати потреби и барања, кои и колку од нив се реализираат во практиката, како тие се реализираат, на кои пречки се наидува во обидот за нивната реализација, се дел од посуштествените дидактички прашања и дилеми. Пред сè, познато е дека во основните и во средните училишта на систематски и најорганизиран начин учениците ги усвојуваат основните почетни, односно елементарни знаења, умеења и навики за учење, кои подоцна имаат огромно значење во животот и работата на личноста. Тоа дава темелна општообразовна основа за натамошно општо и професионално образование и создава претпоставки и услови за развој на личноста, што е цел на задолжителното образование во повеќе земји во светот. Основното и средното училиште е најмасовна институција за образование и воспитание на младите генерации. Затоа во него посебно внимание се посветува на децата од сите националности. Така, повеќе од седум децении во Република Македонија во основните училишта наставата, освен на македонски јазик, се изведува и на мајчините јазици на децата на националностите (албански, турски и српски) и тоа по сите предмети што се утврдени со наставниот план и програми.

Имајќи го предвид фактот дека кога една земја го истражува наставниот и образовниот систем на друга земја и кога ќе утврди дека во тој систем постојат некои специфичности и карктеристики, кои би требало да постојат и во нејзината средина, но сепак ги нема во одредени наставни програми, тогаш таа нив ги насочува, ги развива и ги унапредува. Поаѓајќи од ова становиште, би сакал во овој труд да го претставам и да го објаснам сегментот на содржината кој е дел од елементите (компонентите) за планирање и конципирање на наставните програми правејќи компаративна анализа со моделите за подготвување на наставните планови и програми во другите држави. Пред сè, неопходно е нашиот образовен систем да го споредиме со образовните системи на други земји. Меѓутоа, кога се прават измени и споредувања, се земаат примери од развиените земји на Европа. Притоа првото прашање со кое се соочуваме е прашањето: Колку нашата држава е подготвена за тоа? Сметам дека на овој начин направените истражувања и дадените информации во овој труд ќе го предизвикаат вниманието на идните подготвувачи на образовно-наставната програма и дека дадените примери ќе бидат од полза при нејзиното изготвување. Во овој контекст, тука веќе се среќаваме со компаративно, т.е. споредбено образование на подготвените програми по *мајчин јазик* или македонски, албански и турски јазик. Според *Озџан Демирел (Özcan Demirel),* „компаративното образование повеќе ги третира активностите за споредување на образованието и изнаоѓање решенија на проблемите во образованието во една земја, како и согледувањето на начинот за решавање на слични прашања во различни земји.“[98]

[97] Soner Mehmet Özdemir; *Eğitimde Program Değerlendirme ve Türkiye'de Eğitim Programlarını Değerlendirme Çalışmalarının İncelenmesi,* Yüzüncü Yıl Üniversitesi Eğitim Fakültesi Dergisi, sayı 6(2), 2009, стр. 126-149.
[98] Özcan Demirel; *Kurumdan Uygulamaya Eğitimde Program Geliştirme,* Pegem Yayınları, Ankara, 2000, стр. 2.

Компаративното образование претставува област која ги проучува наставните системи во различни земји за да може да предложи начини за решавање на наставните и образовните проблеми. Понатаму, тоа може да ги утврди причините кои придонесуваат за појава на проблемите во наставата и да ги објасни, односно интерпретира во општествата каде што таа се изведува. Според *Фатма Вариш (Fatma Varış)*, „компаративната настава претставува област за истражување и проучување која постојните наставни проблеми во општествата и причините за нивната појава ги испитува и перципира на тој начин што ги детерминира и ги образложува осврнувајќи се на сличните фактори во различни земји.“[99] *Демирел (Demirel)*, пак, потенцира дека „... целите на компаративното образование се: да се стекнат валидни информации за системите, проблемите и активностите на образованието и да обезбеди идеја која ќе помогне да се утврди образовната политика со посредство на анализирање на евалуацијата и перцепцијата на факторите кои влијаат на образованието и наставата, во различни земји. Исто така, да дава теоретски и практичен придонес на една земја, за да може да развие сопствен образовен систем“.[100] Со истражувањето и со компаративната анализа ние ги проучувавме наставните програми по *мајчин јазик* во Р. Македонија, за да се предложи нов начин, т.е. иден модел на изработка на нови наставни планови и програми. Денес во целиот свет секоја земја има свои карактеристични проблеми во однос на образованието на *мајчин јазик*. При истражувањето на изворите на ваквите и слични проблеми не сме се сретнале со некое споредбено или компаративно истражување, кое би се однесувало на наставните програми или, пак, кое би ги споредило програмските елементи во наставата по предметот турски јазик во однос со програмите на македонски и на албански јазик во Р. Македонија. Од овој аспект, по својата содржина, ова истражување сметаме дека ќе се карактеризира и ќе се смета како прво истражување од ваков вид.

Гледано од еден друг аспект, јазикот е најважниот фактор кој заедницата ја издигнува во нација. Јазикот е тој кој ги сплотува луѓето, ја обединува нацијата, ги врзува луѓето за татковината, ги спојува со минатото. Во тој контекст јазикот кој се пренесува од колено на колено, поединецот го става во својство на главна алка во синџирот, кој ги сврзува иднината и минатото и дејствува помеѓу минатото и иднината.

Меѓутоа познато е дека една од целите на современото образование е дека таа повеќе се стреми да ја научи личноста на начините за самостојно стекнување знаења, отколку само да дава знаења. Брзиот развој, денес ја укина можноста поединецот сите тие знаења и умешности да ги стекнува во образовните институции. Денес за да може да се следи брзиот развој и да се имаат непосредни придобивки од него, поединецот треба да ги развива способостите за зборување, пишување, разбирање и раскажување. Како резултат на развојот на тие способности на личноста, ќе се олесни пренесувањето на знаењето и ќе се забрза изучувањето. Сето ова единствено може да го овозможи наставата која во основата го користи „мајчиниот јазик“. Јазикот е најважниот фактор за оспособување на личности кои се образуваат, кои испитуваат, перципираат, размислуваат, кои ги анализираат односите околина-човек, кои успеваат да ги најдат причинско-последичните односи, кои го следат развојот и умеат да извлечат полза од него и на личности кои се приспособуваат на времето во коешто живеат и кои носат целисходни  одлуки. Исто така, како посебна наука од предметот *Мајчин јазик* произлегуваат определени цели, задачи, содржини, форми, методи, средства и др. Целокупната воспитно-образовна работа по македонски, по албански и по турски јазик е учениците да се здобиваат со основна јазична и литературна култура, усвојувајќи ги програмски дефинираните содржини од културата на говорот, почетното читање и пишување, културата на читањето и литературата, граматиката по македонски, албански и турски литературен јазик, усното и писменото изразување. Образовното значење на наставата по македонски, по албански и по турски јазик се состои во стекнување најразновидни знаења, навики и умеења кои треба да станат трајно искуство, совладување на процесите читање и пишување, континуирано збогатување на ученичкиот речник, служење на литературниот јазик, самостојно усно и писмено изразување, стекнување јазична култура, развивање на способноста за правилно, свесно, изразно читање, развивање на способноста за вреднување на прочитаното.

## 2. ТЕОРИИ ЗА ИЗБОРОТ НА НАСТАВНИТЕ СОДРЖИНИ

Постојат повеќе теории за изборот на наставните содржини, но според Вилотијевиќ најголемо влијание имале теориите на дидактичкиот формализам, дидактичниот материјализам и дидактичкиот

[99] Fatma Varış; *Eğitimde Program Geliştirme, Teori ve Teknikler,* Alkım Yayıncılık, Ankara, 1994, стр.13.
[100] Özcan Demirel; *İlköğretim Okullarında Türkçe Öğretimi,* Milli Eğitim Bakanlığı Yayınları, Ankara, 1998, стр. 8.

утилитаризам. *Теоријата на дидактичкиот формализам* или теорија на формалното образование, кое бара училиштето да ги развива кај учениците сознајните способности и форми на мислењето. Затоа треба да се вежбаат и развиваат ученичките ментални потенцијали, па тој самиот подоцна ќе ги стекнува неопходните знаења. *Теории на дидактички материјализам* или теорија на материјалното образование бара учениците да усвојат што поголем број факти, информации, барајќи поголем обем на знаења и тоа оние кои се практично корисни и употребливи. Оваа теорија смета дека паралелно со усвојувањето на знаења се развива и мисловниот потенцијал на поединецот и дека поради тоа нема потреба во наставата посебно да се инсистира на оние содржини и вежби кои се наменети за развојот на способностите. *Теорија на дидактички утилитаризам* се заснова на поставките дека во наставните програми треба да се вклучуваат претежно оние содржини кои ќе бидат корисни во стекнувањето практични вештини неопходни за живот и работа, а да се острани сето градиво кое нема практична употребливост.[101]

Основниот недостиг на сите три споменати теории е нивната едностраност. Едната инсистира само на голем обем на знаења, другата на развојот на умствените способности, третата на подготовки за практична дејност. Најдобриот пристап во изборот на содржините е комбинацијата на позитивните одлики на овие три теории со што нивните негативни страни би се елиминирале. Значи, во наставните програми треба да се бираат содржини кои ќе придонесуваат за развојот на мисловните способности, ќе даваат систематизирани теоретски знаења, ќе поттикнуваат практични вештини, ќе придонесуваат за стекнување општа широка култура. Додека од современите теории при подготовка на наставните програми и при изборот на наставните содржини треба да се налага во секој наставен предмет да се одберат репрезентативни теми и околу нив да се концентрираат останатите содржини и информации кои заедно се обработуваат. Вака избраните наставни содржини значително се рационализираат, т.е. се скратува наставната програма и така се остава повеќе време за обработка на избраните наставни теми. Структурата на новите наставни програми со национални програмски содржини во основното училиште се презентираат под еден заеднички наслов „Наставна програма“ и за наставата по мајчин јазик. Бидејќи наставните промени остануваат непроменети, но се менуваат структурните компоненти, и тоа цел и задачи, програмски содржини и методички сугестии, објасненија и пораки. Наставните содржини претставуваат значаен елемент на стратегијата на наставникот, влијаат врз неговиот стил на работа и им даваат обележје на целокупната технологија и динамика на изведување на наставниот процес.[102] Денес проблемите на кои наидуваат наставниците се однесуваат токму на усогласувањето на две барање, исполнување на програмските задачи и почитување на индивидуалното темпо на напредување. Досега овие задачи наставникот ги решаваше со своевиден линеарен приод кои содржините во наставната програма на секој наставен предмет, воспоставувајќи и применувајќи механизми за следење на образовното ниво на учениците во целина, но и на секој ученик посебно. Според Адамческа: „наставната програма и нејзините структурни компоненти наметнуваат строг редослед на реализација“.[103] Наставно-содржинскиот пристап во програмирањето на наставата може да се смета за најстара стратегија. Исто така од секогаш бил доминантен начин на утврдување на концептот на наставните програми во светот и кај нас. Основната негова карактеристика се состои во тоа што носечка компонента на програмата е содржината. Понекогаш оваа компонента стратегија при изработувањето на наставните програми е толку многу изразена што содржината е сама за себе цел, останатите компоненти се подредени на неа. Всушност, при изработка на програмата се поаѓа од содржината на конкретниот наставен предмет или наставно подрачје.[104] Програмирањето на содржините не се врши врз основа на некоја однапред утврдена програмска основа како целина, туку најчесто содржината е објект на дидактичка интеракција меѓу учениците и наставникот и учениците и содржината.

## 3. ИДЕН МОДЕЛ ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА НАСТАВНА ПРОГРАМА И СОДРЖИНИ

Развојните процеси, што во последно време се случија во сите сфери на човечкото дејствување, недвосмислено укажуваат на фактот дека општествено-демократските движења и промени бараат и

[101] Младен Вилотијевиќ; *Дидактика, преземено и адаптирано: организација на наставата,* Скопје, 1999, стр. 7-10.
[102] Снежана Адамческа; *Активна настава,* Легис, Скопје, 1996, стр. 105.
[103] *Снежана Адамческа; Ибид; стр.107.*
[104] Киро Попоски; *Програмирање на воспитно-образовниот процес,* Скопје, 1999, стр. 36.

демократизација на процесот на воспитанието и образованието. Поради ова, со цел наследените традиционални системи да се модифицираат и модернизираат во сообразност со потребите на општествените односи, промени и начини на живеење, развојот на науката, техниката и технологијата, од една, и од друга страна, имплементирање на современите светски едукативни димензии и релации, а и вклученоста на нашиот образовен систем во рамките на развиените европски и светски образовни системи.

Сите направени промени демократијата ја имаат во прв план. Оттука, целото образование се менува во духот на поставување на демократијата, како една од основните цели и принципи на организацијата на образовните институции. Меѓутоа, тоа не се прави декларативно, туку практично потребна е севкупна промена во односите на наставните планови и програми. Во настојувањето за трансформација и осовременување на образованието и воспитанието и во тенденција за свртување кон поразвиените европски земји, ваквите одлики на современата настава, на одреден начин, го привлекуваат интересот и вниманието и кај нас, така што веќе се прават некои пробни чекори за нивното прифаќање и имплементирање во воспитно-образовната стварност. Одговорите на овие и многу други прашања ја наметнуваат дилемата „Дали треба да останеме на овие позиции каде сме и ништо да не преземеме за постепено надминување на традиционалниот систем на образование?“ Сигурно одговорот треба да е не! Бидејќи напредната педагошка теорија ги поставува темелите на новата наставна практика. Новите наставни планови и програми, новите содржини, примената на новите методи сè повеќе ја оформуваат определбата дека наставата треба да се приспособува на потребите и барањата на денешното време во кое живееме. Според направените истражување дојдовме до заклучок дека сите досегашни истражувања и модели имаат недостаток, и поради ова чувствуваме потреба да понудиме еден нов модел од наша страна. Моделот потекнува од сето досегашно истражување. Да не заборавамe дека овој иден модел е само еден модел кој ние само можеме да го препорачаме.

Кај традиционалниот, т.е. денешниот модел за изготвување на наставните планови и програми, наставникот/професорот ги поседува целото знаење и искуство и тој самостајно одлучува на кој начин тоа треба да биде пренесено. Основата на моделот е тоа што наставникот/професорот се насочува кон учениците. Наставникот/професорот е тој што го поседува целокупното знаење. Традиционалниот модел се засновува на концепцијата која е многу стара, но која по многу карактеристики се одржува и денес во нашиот образовен систем. Денешниот модел се одржува и се користи најмногу во државите кои се во транзиција, а со тоа и во нашата држава. Во овој модел наставникот/професорот има централна улога и главниот дел од предавањето се базира врз неговото знаења и искуство. Со истражувањето се обидував да подготвам, т.е. да реализирам еден ***иден модел*** кој ќе биде во функција на јакнење при подготвувањето на наставните планови и програми во државата. Многу повеќе и поконкретно за тоа какви треба да бидат новите програми се покажува во делот ***„Иден модел за изготвување на наставните програми за основно и за средно училиште“***. Како предлог може да се каже дека во центарот на фокусот е вклучен ученикот.

Ученикот со овој модел на настава ќе се третира како личност, т.е. поединец, а не само како ученик. Целта на ***идниот модел***, покрај совладувањето на наставната содржина, е развој на личноста и индивидуалноста на ученикот. Со ***идниот модел*** се тргнува од интересот на ученикот и се надоврзува на тој интерес, секое учење се поврзува со претходното знаење, искуство и вештина на детето. Овој модел во однос на претходниот модел, знаењето, искуството и вештината се поставени во центарот, улогата на наставникот/професорот и на учениците е подеднакво важна во процесот на учењето, т.е. во наставата. Комуникацијата е во две насоки и тоа се одвива помеѓу наставникот/професорот и ученикот, како и помеѓу самите ученици. Моделот треба да биде оригинален за окружувањето во кое се реализира и претставува иницијатива која во потполност е еднаква со државните приоритети во образованието. ***Идниот модел*** ќе има силно влијание врз зајакнување на персоналните и социјалните компетенции на учениците, врз градењето кај нив вештини и ставови за толеранција, меѓусебна соработка и разбирање. Тежиштето на учењето е поставено врз сознанијата кои се црпат од искуството на учениците и околината. Од учениците ќе се бара да размислуваат логично и да развиваат флексибилност кон појавите со јасно нагласена тенденција за развивање на дивергентно и критичко мислење кај учениците. Определувајќи ги заедничките страни на најприменуваните модели во светот, развивме еден инаков пристап кон ***друг модел, т.е. иден модел***. Со поддршка, ***идниот модел*** може лесно да прерасне во државен модел при подготвување на наставните планови и програми во сферата на образованието. Во ***идниот модел*** при подготвување на програмските цели потребно е тие да бидат јасни и сфатливи за учениците, не треба да се преамбициозни и треба да се реализираат со соодветни активности. Содржините на активностите треба така да се поставаат што ќе даваат можност за поддржување на детската љубопитност, оригиналност и реализација на нивните творечки

потенцијали. Покрај развојот на интерперсоналните, социјалните и интеркултурните компетенции кои се застапени во програмата, таа може да се засили со вметнување на содржини и цели за зајакнување на доживотното учење.

Наставните програми ја сочинуваат основата на образовниот систем во сите земји. Бидејќи одговорот на прашањето каков човек ќе се формира, во каква личност ќе израсне, се наоѓа во наставните програми. Основното и средното образование треба да ја развиваат свеста кај младата генерација за творечката моќ на човечкиот ум во сознавањето и менувањето на природата и општеството. Со подобрување на условите во образованието се очекува подобра организација на наставата за учениците да се стекнуваат со поквалитетни знаења и трајни умеења. Знаењата се основа за сите други вредности кај човекот. На пример, умеењата се знаења кои се употребуваат точно, лесно и прецизно таму каде што треба. Меѓутоа, за да се реализира оваа продуктивна замисла, треба да се знае што конкретно треба и во кое време треба да примениме и промениме за учениците да завршуваат одреден степен на образование со поквалитетни знаења и умеења. Од досегашните искуства може да се каже дека се менуваат само наставните програми, но никогаш не се усогласени со реалните потреби и никогаш не се целосни. Една година ќе се донесе нова наставна програма со примена на стари учебници, по неколку години ќе се издадат нови учебници, но со видоизменети програми. Исто така, да не заборавме дека јазикот е највлијателното средство за пренесување на културното наследство, односно тој е основно ткиво на културните вредности во едно општество. Тој е емотивна врска која ги сплотува луѓето на еден народ. Во тој контекст јазикот кој се пренесува од колено на колено, поединецот го става во својство на главна алка во синџирот, кој ги сврзува иднината и минатото и дејствува помеѓу минатото и иднината. Со новоподготвени наставни програми, покрај знаењата треба да им се понуди можност на учениците да изградат позитивен став кон другите заедници преку стекнување знаења за јазикот, културата, историјата и традицијата на припадниците на другите етнички заедници. Различните заедници и мултиетничката реалност на државата во наставните програми, а со тоа и во учебниците би требало да бидат прикажани како богатство и придобивка. Доколку успееме дизајнираниот основен, т.е. иден модел на наставни планови и програми експериментално да го провериме во дел од нашата образовно-воспитна практика, мислиме дека ќе направиме успешен чекор во обидот за осовременување и рационализација на образовно-воспитните наставни програми како позитивен придонес на педагошката теорија воопшто.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Живееме во мошне сложени општествено-економски и политички услови, во време на транзиција и промени. Овој век е век на информатичко-комуникациската технологија, екологијата, менаџментот, но и на развојот на демократските процеси, претприемаштвото, мултикултурализмот. Затоа кадрите што се едуцираат во училиштата треба да се подготвуваат да се справат со сите овие предизвици. Историската ретроспектива на наставните програми по предметот македонски, албански и турски јазик претставува задлабочено уочување на придобивките во секоја етапа на промените. Националната програма за развој на образованието 2005-2015 година јасно ја нагласува улогата на етничката и културната соработка во рамките на воспитно-образовниот процес, којшто треба да ја промовира интеграцијата континуирано низ сите образовни степени, започнувајќи уште од предучилишната возраст во насока на јакнење на кохезијата, толеранцијата, меѓусебното почитување и доверба. Предложените мерки јасно покажуваат дека македонскиот образовен систем се наоѓа пред крупен предизвик во насока на подобрување на меѓуетничката клима во училиштата, што е само уште една потврда од потреба и важноста на промоција на концептот за интеркултурно општество. Може да се каже дека основата за наставните планови и програми, преку содржинскиот дел не е променета како што се бара во националната програма. Според овие анализи, може да се каже дека националната програма за развојот на образованието останува само еден официјален документ. Обидите да се осовременат програмите, најчесто врз вообичаена, традиционална основа со додавање, редуцирање, преструктурирање и превреднување на програмските содржини, согласно со досегашните искуства, недоволно придонесуваа, заедно со осовременувањето на содржините да се поттикнуваат и афирмираат посовремени и поплодотворни модели на наставна работа во која значајно и квалитетно се менува улогата и интеракцијата на наставниците и учениците. Така, традиционалниот концепт на програмите останува сè до денес како традиционален концепт на наставата. Врз основа на критичкиот увид во вкупната воспитно-образовна носивост и дидактичко-методичката функционалност на понудените

годишни програми за мајчин јазик, може да се заклучи дека не се доволно добро понудени програми кои одговараат за организирање и реализирање на квалитетна настава во основното и средното образование.

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] Адамческа, Снежана. Активна настава, Легис, Скопје, 1996.
[2] Вилотијевиќ, Младен. Дидактика, преземено и адаптирано: организација на наставата, Скопје, 1999
[3] Вилотијевиќ, Младен. Дидактика, Научна књига, Београд, 1999.
[4] Вилотијевиќ, Н.и Вилотијевиќ, М. Иновације у настави, „Школска књига", Београд, 2007.
[5] Попоски, Киро. Програмирање на воспитно-образовниот процес, Скопје, 1999.
[6] Попоски, Киро. Училишна докимологија, следење, проверување и оценување на постигнувањата на учениците, Китано, Скопје, 2005.
[7] Попоски, Киро. Современи сфаќања за проверувањето и оценувањето на постигањата на учениците, Мис, Скопје, 1996.
[8] Akyol, Hayati. Programına Uygun Türkçe Öğretim Yöntemleri, Kök Yayıncılık, Ankara, 2006.
[9] Demirel, Özcan. Kurumdan Uygulamaya Eğitimde Program Geliştirme, Pegem Yayınları, Ankara, 2000.
[10] Demirel, Özcan. İlköğretim Okullarında Türkçe Öğretimi, Milli Eğitim Bakanlığı Yayınları, Ankara, 1998.
[11] Djordjevic, Jovan i Potkonjak, Nikola. Pedagogija, Naucna kniga, Beograd, 1983.
[12] Gojkov, Grozdanka. Dokimologija, priručnik, Triton, Vršac, 2003.
[13] Ormrod, E. Jeanne. Human Learningtheories, Principles And Educational Applications, Merrill Publishing Company, Ohio, 1990.
[14] Oliva, F. Peter. Developing the Curriculum, Scott, Foresman and Company, Boston, 1988.
[15] Rosandić, Dragutin. Metodika književnog odgoja i obrazovanja, Školska Knjiga, Zagreb, 1988.
[16] Senemoğlu, Nuray. Öğrenme Ürünleri ve Eğitimi, MEB Yayınları, Burdur, 2009.
[17] Senemoğlu, Nuray. Gelişim Öğrenme ve Öğretim Kuramdan Uygulamaya, Gazi K., Ankara, 2005.
[18] Weinstein,C.& E.Mayer; The Teaching of Learning Strategies, Handbook of research on teaching, Derl.: M.C: 1986.